SC
BL

## Проект: Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва

**Советување на тема „ Услови за отворање на стечајната постапка - нормативни аспекти и судска пракса “**

Во рамките на проектот „Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва„ на 16. март во Скопје е одржано советување на тема „ Услови за отворање на стечајната постапка - нормативни аспекти и судска пракса “. На првото, од вкупно осумте предвидени советувања за стечајната постапка, присуствуваа претставници на Министерството за економија, стечајни судии и судии кои работат на предмети што произлегуваат од стечајната постапка, стечајни управници, правници, како и претставници на други заинтересирани институции.



Отворајќи го советувањето, г-дин Красин Димитров, модератор и презентер на европските искуства, истакна дека поради фактот што во земјите на ЕУ годишно 200 илјади фирми одат во стечај, а 1,7 милиони луѓе остануваат без работа, се повеќе се настојува бизнисот кој се соочува со неуспех и инсолвентност да се спаси со превентивно реструктурирање и таканаречена „втора шанса„ за претприемачите трговци поединци. Според г-дин Дејан Костовски, презентер, експерт во областа и поранешен стечаен судија, кај нас класичното сфаќање на стечајната постапка подразбира генерална егзекуција на имотот на стечајниот должник, додека во модерното, инсолвентно право, покрај постапката за впаричување на имотот на стечајниот должник и ликвидација на деловниот потфат дефинирани се и постапката за реорганизација во претходна постапка и постапка за реорганизација во услови на отворена стечајна постапка. Компаративната

анализа на  нашата законска регулатива која ја регулира стечајната постапка покажува дека таа е во целост усогласена со  законската регулатива на земјите членки на Европската Унија  и ги содржи и добрите практики во оваа област.



Основата за евентуална понатамошна реформа на нашето стечајно законодавство треба да биде Препораката за нов пристап  кон  неуспехот во бизнисот и инсолвентност која ја донесе Европоската Комисија од 12 март 2014 година со кои се поттикнуваат државите-членки да создадат  правна рамка која ќе овозможи „ефикасно реструктуирање на одржливите компании кои имаат финансиски тешкотии, како и да обезбедат минимум стандарди за функционирање на  нормативна рамка за превентивно реструктуирање“.

Европската унија, со средства од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), на 20 ноември 2015 година започна со реализација на Проектот „Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва“ . Проектот е предвидено да трае две години и се имплементира од  конзорциум предводен од Pohl Consulting &Associates, во партнерство со Ernst&Young.

Скопје, 16.03. 2017